ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 16 мај 2014

# СООПШТЕНИЕ

## Учество на ФЗОМ на Маршот за борба против рак на дојка – НАПРЕД РОЗОВО

Вработените од Фондот за здравствено осигурување на Македонија на чело со директорката, м-р Маја Парнарџиева Змејкова и годинава ќе учествуваат на Маршот за борба против рак на дојка – Напред розово, које традиционално се одржува по 6-ти пат, а е во организација на здружението на граѓани „Борка„.






Фондот за здравствено осигурување на Македонија има одличен партнер за соработка во здружението на граѓани „Борка“ за што доби и благодарница. Директорката Парнарџиева Змејкова исклучително ја цени посветеноста во борбата против ракот на дојка на здружението на граѓани Борка.
Во име на директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева Змејкова, ги покануваме сите кои се во можност да земат учество во овогодинешната кампања Напред розово, за да ја подигнеме свеста кај граѓаните за ракот на дојка, како потенцијално излечива болест. Овој марш истовремено е и поддршка и помош на жените со ова заболување, како и на нивните семејства.

НАПРЕД РОЗОВО ќе се оддржи во сабота, на 17 мај 2014 година во Градскиот парк, пред Школка.